**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**
**ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје**
**Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590**

Бр. 02-200/2-I-13
11.4.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 82 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Деканатската управа на Факултетот на седницата одржана на 11.4.2023 година ја донесе следната

## ПРОЦЕДУРА
## ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

1. Со оваа процедура се утврдува редоследот и содржината на постапките за исплата на надоместоци на вработените на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (во понатамошниот текст: Факултет) од средствата на сметката 788 на Факултетот.
2. Одлука за исплата на надоместок на вработените во зависност од основот донесува Деканатската управа на Факултетот, а Решението за определениот надоместок го донесува деканот.
3. Примерок од Одлуката и Решението се доставува до архивата, до благајникот и до продеканот за финансии. Примерок од решението се доставува до вработените на Факултетот за кои истото се однесува.
4. Вработените поднесуваат барање (дадено во прилог) за исплата на надоместоци до архиварот кој по заведување на истото го доставува до благајникот на Факултетот. Благајникот на Факултетот врши контрола на точноста на податоците наведени во барањето, ја проверува расходната ставка и изготвува барање за исплата (дадено во прилог) на надоместок до авторска агенција. Благајникот се потпишува на барањето на местото **изработил**.
5. Барањето за исплата од страна на благајникот се доставува до продеканот за финансии кој се потпишува на местото **одобрил** и истото се доставува на деканот за потпис.
6. Потпишаното барање се заверува во архивата на Факултетот се враќа кај благајникот, кој го проследува до авторската агенција за исплата на надоместокот на вработениот од неговата интерна картичка која се води во благајната.
7. Благајникот на крајот на секој квартал ќе доставува по електронска пошта до вработените примерок од интерната картичка.
8. На крајот на тековната година, благајникот ќе изврши исплата на сите средства од интерните картички.
9. Оваа процедура стапува на сила со денот на донесувањето и со истата престанува да важи Процедурата на Деканатската управа бр. 0201-516/2-XVII-4 од 13.12.2022 год.

**Прилог 1** – Барање за исплата на надоместоци до деканот на Факултетот
**Прилог 2** – Барање за исплата на надоместоци до авторска агенција

Декан,

Проф. д-р Ѓорги Груевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Прилог 1

ДО
ДЕКАНОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН
И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ

# БАРАЊЕ

Од _______________________________________________________, вработен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје како ______________________

Го молам горенаведеното наслов да ми овозможи исплата на парични средства на трансакциона сметка од интерна сметка која се води на мое име во благајната на Факултетот во износ ________________.

Скопје, _________. 20___ год.

Барател,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Прилог 2

ДО
АВТОРСКА АГЕНЦИЈА
___________________

## БАРАЊЕ

Врз основа на решението/а бр.___________________________ издадено од Деканот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер на ден _______________, бараме да се исплати надоместок од интерна финансиска картица во износ _________________ на вработениот ____________________________________ .

| Ред. број | Име и презиме | Трансакциона сметка | ЕМБГ | Решение бр. | Бруто износ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | Вкупно: Бруто износ | | | | |

Изработил: самостоен референт за благајна

Одобрил: Продекан за финансии со дадено овластување

Декан

Проф. д-р Ѓорги Груевски